


Почитувани,
Ве покануваме да ни се придружите на нашиот

# 8-МИ ТРАДИЦИОНАЛЕН ПЕТРОВДЕНСКИ ПЛАНИНАРСКИ МАРШ

## ПОНИКВА – ЦАРЕВ ВРВ

12 Јули 2015 година

Почетокот на патеката е од паркингот на ЗСРЦ „Пониква“ се искачува до Царев Врв (Султан Тепе) и завршува на паркингот на ЗСРЦ „Пониква“. Најниската точка (старт) е на 1580m надморска височина, а највисоката точка е на 2085m. Вкупната должина на патеката во еден правец е 16km и вообичаено се поминува за 4 часа (во еден правец).

Патеката во главно се протега по планинското било над шумската граница при што се поминува и покрај Трканска мандра (бачило) на 1550m. Подрачјето низ кое поминува патеката е исклучително богато со печурки, шумски плодови и лековити растенија. На самиот врв (Царев Врв) се наоѓаат две напуштени воени згради, а од врвот се отвора видик кон планините Рила и Пирин во Бугарија, врвот Руен и сите повисоки врвови во Република Македонија.

**ДАТУМ**: 12.07.2015 (недела)
**ВРЕМЕ НА ПОАЃАЊЕ**: 07.00 часот
**СТАРТНО МЕСТО**: Паркинг на ЗСРЦ „Пониква“

За сите учесници е обезбеден традиционален планинарски ручек. Секој да си понесе прибор за јадење.
Клубот има обезбедено превоз до Пониква. Поаѓање од градскиот плоштад во Кочани во 05.45 часот.

Пријавете го вашето учество најдоцна до 09.07.2015 (четврток) заради подобра организација!

Доколку има заинтересирани за пристигнување во сабота и сместување во некои од постојните сместувачки капацитети, ќе добиете подетални информации од пријавените лица за контакт.

Лица за контакт:
Александар Крстов - Тел: 078 / 840 - 616
Марија Танчева - Тел: 078 / 841 - 110
Мирче Ефремов - Тел: 078 / 389 - 909